Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.0201-125/2 од 11.01.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 2-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, бр.05-4735/1 од 22.12.2023 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, се зголемуваат за 5.000.000,00 денари, односно изнесуваат 168.546.961,00 денари.

2. Со зголемувањето од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 5.000.000,00 денари, наменети за:

- Доделување на финансиска помош – Донација за Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје, согласно нивното Барање доставено преку електронска пошта на 27.12.2023 година (наш арх.бр.05-33/1 од 02.01.2024 година), со кое бараат донација од Агенцијата за да им се овозможи помош и поддршка за остварување на нивните идни истражувачки иницијативи.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- **Вкупните приходи** се зголемуваат за 5.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 163.546.961,00 денари, истите изнесуваат 168.546.961,00 денари;
- Приходната ставка **Пренесени вишок средства од минати години** се зголемува за 5.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 37.546.961,00 денари, истата изнесува 42.546.961,00 денари;
- **Вкупните расходи** се зголемуваат за 5.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 163.546.961,00 денари, истите изнесуваат 168.546.961,00 денари;
- Воведената Групна ставка **450- Помошти, донации и други давања на субјекти** изнесува 5.000.000,00 денари и
- Воведената Позиција **450100 - Помошти, донации и други давања на субјекти,** изнесува 5.000.000,00 денари. Зголемените средства од 5.000.000,00 денари се наменети за Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година, со цел да се обезбедат средства наменети за доделување на финансиска помош – донација за Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје, согласно нивното Барање доставено преку електронска пошта на 27.12.2023 година (наш арх.бр.05-33/1 од 02.01.2024 година), со кое бараат донација од Агенцијата за да им се овозможи помош и поддршка за остварување на нивните идни истражувачки иницијативи. За да се обезбедат 5.000.000,00 денари направени се измени на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година и тоа: Приходната ставка **Пренесени вишок средства од минати години** се зголеми за 5.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 37.546.961,00 денари, истата изнесува 42.546.961,00 денари. Воведената Групна ставка **450 – Помошти, донации и други давања на субјекти** изнесува 5.000.000,00 денари. Воведената Позиција **450100 – Помошти, донации и други давања на субјекти** изнесува 5.000.000,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2024 година, вкупните планирани приходи и расходи според планот се зголемија за 5.000.000,00 денари и истите изнесуваат 168.546.961,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.0201-125/2 од 11.01.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 2-та седница одржана на 11.01.2024 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.